Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-44/1
09.01.2025 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-306/1 од 20.03.2025 година, поднесена од Ацо Стојановски од Скопје за заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основ на лично својство врз Ацо Стојановски од Скопје, од страна на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во областа на пристап до добра и услуги.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 20.03.2025 година, Ацо Стојановски од Скопје со адреса на ул. Стале Попов бр. 9/2-22 (во натамошниот текст: подносителот), до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) поднесе Претставка бр. 08-306/1.

Подносителот наведува дека Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер му го попречува правото да поднесува дописи во нивната писарница. Наведува дека на 14.03.2025 година, околу 10 часот дошол пред просториите на Агенцијата со намера да поднесе писмен допис во писарницата на Агенцијата, по што откако дошол не му ја отворале влезната врата. По ѕвонењето, женски глас на домофонот, откако го го кажал неговото име и презиме, му кажал дека не смее лично да го поднесе дописот и дека има можност да го поднесе по електронска пошта. Потоа, вратата не му ја отвориле, се исклучиле и повеќе не му одговарале на ѕвонењето на домофонот. Тврди дека на друго лице кое ѕвонело му било одговорено, а дека кога ѕвонел на нивниот службен телефон, му одговориле првично и го оставиле на чекање. Понатаму, на 19.03.2025 година, околу 9 часот и 40 минути дошол повторно пред просториите на Агенцијата со истата намера за поднесување на дописи и повторно му се случило истото, откако на домофонот женски глас му рекол да почека. По сето тоа тој се почуствувал омаловажен, дискриминиран, шиканиран и игнориран. Доставил и укажување на официјалната електронска адреса на Агенцијата, а за испратените мејлови не добил никаква потврда од Агенцијата. На 02.04.2025 година, подносителот ја дополни претставката, со што исткакна наводи дека кога бил пред просториите на Агенцијата на 19.03.2025 година, вработени поминувале од внатрешните простории и низ стаклените врати не го перцепирале и покрај неговите

сигнализирања да го забележат. Тврди дека хигиеничарка вработена во Агенцијата го забележала и рекла дека ќе пренесе за неговото чекање, а потоа дека тој начул како друго лице и вели на неа дека знае за него дека е пред влезната врата и кога ќе поминува вработената да го игнорира. Наведува дека влезот е покриен со камери и дека го гледале неговото присуство пред влезот, а смета дека ваквиот однос сигурно доаѓал од повисоко во хиеархијата.
Во прилог доставува во копии мејлови од електронска кореспонденција со Агенцијата, како и дописи за доставување до Агенцијата и други акти поврзани со нив.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер на 30.06.2025 година, со Известување бр. 03-13 од 20.06.2025 година, се изјасни за наводите од претставката. Наведуваат дека Агенцијата постапила правилно и законски по сите поднесоци од Ацо Стојановски. Известуваат дека Агенцијата постапувала по 5 жалби од подносителот во 2024 година и 3 жалби во 2025 година. По сите жалби е постапено согласно закон и подзаконски прописи, за што се донесени и соодветни решенија кои се навремено доставени до подносителот. Укажуваат на тоа дека ова не било прв пат подносителот да поднесе претставка против Агенцијата, без притоа да ги знаат неговите мотиви за истото. Понатаму, посочуваат на одредена кореспонденција со Генералниот секретаријат на Владата, а во врска со претставка од подносителот, како и дека соодветно постапиле и одговориле по сите предметни поднесоци од страна на подносителот. Предлагаат Комисијата да донесе заклучок за непостапување или запирање на постапката, бидејќи сметаат дека не постои никаква дискриминација против подносителот.
Во прилог во копии доставуваат:
- Решение 08-118 од 31.05.2024 година;
- Одговор на Претставка бр.03-13 од 27.06.2024 година;
- Решение 08-119 од 03.07.2024 година;
- Решение 08-145 од 27.05.2024 година;
- Решение 08-251 од 05.12.2024 година;
- Решение 08-341 од 25.12.2024 година;
- Решение 08-64 од 18.03.2025 година;
- Решение 08-65 од 17.03.2025 година;
- Решение 08-80 од 03.03.2025 година;
- Предлог број 08-80 од 11.03.2025 година и од 17.06.2025 година;
- Одговор број 08-80 од 20.06.2025 година;
- Претставка бр.55-33/2025 од 25.03.2025 година;
- Дополнување на претставка бр. 55-33/2025 од 03.04.2025 година;
- Допис, бр. 03-13 од 15.04.2025 година;
- Известување по претставка, број 03-13 од 29.04.2025 година;
- Проследување на претставка, бр.08-798/3 од 08.04.2025 година;
- Допис „Проследување на претставка“ бр.08-798/4 од 11.04.2025 година;
- Известување по претставка, број 03-13 од 29.04.2025 година;
- Ургенции број 03-13 од 12.05.2025 година и од 12.05.2025 година и

- Одговор на Ургенција број 03-13 од 20.06.2025 година.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, „Се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа).“.

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, „претставува секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.“.

Директна дискриминација согласно член 8 став 1 од Законот, „постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.“.

Согласно член 26 од Законот, „подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе сите факти што го прават тврдењето веројатно. Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката.“.

Имајќи ја во предвид фактичка состојба согласно изнесените факти во претставката и изнесените факти и докази од страна на Агенцијата, Комисијата не утврди дека е сторена дискриминација кон подносителот врз основа на лично својство од страна на Агенцијата. Комисијата не ги сметаше за веројатни тврдењата на подносителот при утврдување на фактичката состојба, а фактите и околностите изнесени од двете страни ги ценеше подеднакво, без товарот на докажување да премине на страната на потенцијалниот дискриминатор во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Имено, за да постои дискриминација во согласност со член 6 и член 8 став 1, а во врска со член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, потребно е да бидат исполнети одредени услови, односно постоење на дискриминаторски основ, релевантна споредлива ситуација и повреда на право. Следствено, Комисијата не утврди конкретна повреда на право на подносителот, во смисла на тоа дека на истиот му било ограничено правото да поднесе поднесок, односно дека немал пристап до услугите на Агенцијата. Видно од изнесените факти и приложените докази од страна на Агенцијата, спротивно на неговите тврдења истиот имал можност за поднесување на поднесоци, по кои било и постапувано од страна на Агенцијата. Дотолку што подносителот во претставката не наведува ниту релевантен дискриминаторски основ,

односно необразложено наведува лично својство каузално неповрзано со дејствие на Агенцијата.

Согласно горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Заменик претседател,
Зекир Абдулов

*Доставено до:*

- *Подносителот*
- *Агенцијата*
- *Архива на КСЗД*